# Локален акциски план за подобрување на состојбата на ромската заедница на локално ниво во општина Кочани 2023-2026

## Општи податоци за состојбата на ромската заедница во Република Северна Македонија

Во областа на здравството Ромите се соочуваат со многубројни проблеми. Високиот процент на долготрајни хронични заболувања придонесуваат и до забрзана и прерана смрт кај оваа популација на граѓани.

Анализите укажуваат дека во просек Ромите живеат 10 години пократок живот од општата популација. Краткиот животен век на Ромите е документиран во многу извештаи, при што од резултатите на државниот завод за статистика укажуваат дека 7% од Ромската заедница умира на годишна возраст 25-44, додека 37% умира на годишна возраст од 45-64 години. Околу 49% умираат на возраст од 65-84, при што само 7% доживува 85 години.

Доколку пак споредиме со старосна пензија само 45% од Ромите може да дочекаат старосна пензија додека кај Не-Ромите во просек процентот изнесува 75%. [1]

Значителен број на Роми имаат проблеми со пристап до здравствени услуги особено лицата кои не се идентификувани во системот, лицата кои немаат лични документи и немаат здравствено осигурување.

Последните официјални информации на Министерството за труд и социјална политика зборуваат за бројка од околу 700 лица кои немаат здравствено осигурување заради немање лична документација, но според невладините организации таа бројка е многу поголема.

Следните фактори влијаат на пристапот на Ромите до здравствени услуги:

Оддалеченоста на најблиската болница за 27% од Ромите изнесува два километра, а домовите на околу 12% од ромските домаќинства немаат пристап до асфалтен пат[2].

---

[1]Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 / www.mtsp.gov.mk

[2]Предизвиците за Ромите за време на кризата предизвикана од КОВИД-19, Извештај на Институт за европска политика Скопје, мај 2020

Пристап до чиста вода за пиење и одржување на лична хигиена, околу 10% од ромските домаќинства во земјава немаат вода за пиење во внатрешноста на нивните домови, додека во 18% од домаќинствата немаат пристап до канализациски систем[3].

Лоши услови во кои живеаат и ромски населби најчесто во близина на диви депонии.

Недостиг на финансиски средства придонесе за неможноста за обезбедување на доволно продукти за лична хигиена.

Недоволна информираност за вакцините и процесот на вакцинација.

Според истражувањето на УНДП и Светска банка процентот на Роми кои се вклучени во неформална невработеност опаднал во периодот од 2011-2017 за 26 процентни поени, достигнувајќи 38%.

Според податоците од Ревидираната програма за реформи во вработувањето и социјална политика, во просек 25% од населението работи неформално. Најчеста форма на неформално вработување кај Ромите мажи е во трговија, такси услуги, како и градежништво и земјоделство, додека кај Ромките најчестата форма на вработување е во трговијата и хигиенските услуги. Врз сезонска работа се потпираат многу ромски семејства во летниот период за време на жетварската сезона. Околу 48% од ромските семејства се корисници на социјална помош[4].

Според податоците од социјалното мапирање од 2018, стапката на вработеност на Ромите изнесува 23%, скоро двојно помала од националниот просек, додека стапката на невработеност на Ромите е рекордно висока на 67%. Кај жените Ромки, стапката на вработеност изнесува 8%. [5]

За да се намали невработеноста, во рамки на оперативниот план за вработување, предвидени се мерки за работодавачите да охрабрат да вработуваат Роми или да развиваат сопствени бизниси, како и мерки за зголемување на вештините на невработените. Во просек, околу 3-4% од Ромите биле корисници на активните мерки за вработување во последните неколку години и иако апсолутниот број на корисници Роми се зголемува, релативниот удел на вкупниот број на корисници опфатени со активните мерки за вработување останува непроменет.[6]

Проекциите на извештајот на УНИЦЕФ покажуваат дека во Република Северна Македонија процентот на деца кои живеат во домаќинства чиј животен стандард е значително под националниот просек, е зголемен од 27.8% пред пандемијата на 32.4% по пандемијата. Ова доведува 19.000 деца во Република Северна Македонија под релативната линија на сиромаштија што е повисоко споредбено на проценката од јули 2020-16.000 деца[7].

---

[3]Предизвиците за Ромите за време на кризата предизвикана од КОВИД-19, Извештај на Институт за европска политика Скопје, мај 2020
[4]Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 / www.mtsp.gov.mk
[5]Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 / www.mtsp.gov.mk
[6]Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 / www.mtsp.gov.mk
[7]https://www.unicef.org/northmacedonia/press-releases/not-all-children-are-accessing-vital-services-due-covid-19-pandemic-putting-them

Реален системски проблем е и тоа што училиштата немаат систем за прибирање на податоци за социо-економскиот статус на децата Роми со што би се овозможило проценка на потребата за помош при пристап до соодветно образование.

Населбите каде што живеат Ромите во Република Северна Македонија 90% се неформални и не се опфатени со Детален урбанистички план. Тоа со себе повлекува низа на комплексни проблеми како што се: несоодветните услови за живеење, лошата инфраструктура, немање пристап до фекална и атмосферска канализација, немање пристап до вода и електрична енергија. Ромските семејства најчесто живеат во индивидуални домови, со поголем број на членови во семејството. Во текот на пандемијата таквите семејства имаа сериозни проблеми со простор за изолација и одржување на социјална дистанца кога имаа заболен член од семејството, одржување на соодветна хигиена и заштита.

Според Регионалниот извештај за Роми од 2017 спроведен од УНДП за земјите од Западен Балкан, состојбата во делот на инфраструктурата во Република Северна Македонија е следна:

- 10% Роми немаат пристап до вода
- 16% Роми немаат пристап до јавна канализација
- 26% Роми немаат тоалети во домот
- 7% Роми немаат пристап до електрична енергија.[8]

Дополнително како значителен проблем е истакнат проблемот со легализацијата на бесправно изградените домови кај ромската заедница, кое на долг рок креира сериозни последици за животот на ромските семејства.

Според досегашните анализи и податоците од социјалното мапирање, околу 28% од Ромите ги немаат легализирано своите живеалишта поради немање на урбанистички план во општината за тие населби или поради неможност за покривање на финансиските трошоци. Дополнително, граѓаните кои поднеле барања за легализација на нивните објекти чекаат повеќе од 5 години одговор од надлежните институции за статусот на нивното барање.

Следствено, лошите услови во областа домување влијаат на пристапот на образование, здравствени услуги, вработување и други основни човекови права, кои мора да бидат достапни за секој поединец. Недостатокот на таков пристап ја прави заедницата маргинализирана, сиромашна и необразована, ограничена во сопствените населби (сегрегирани заедници).[9]

3% од ромските семејства во Република Северна Македонија немаат пристап до електрична енергија, додека пак 38% немаат пристап до интернет и 51% немаат компјутер. [10]

---

[8]Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 / www.mtsp.gov.mk
[9]Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 / www.mtsp.gov.mk
[10]Предизвиците за Ромите за време на кризата предизвикана од КОВИД-19, Извештај на Институт за европска политика Скопје, мај 2020

## Вовед, профил и идентификација на ромската заедница која живее на територијата на Општина Кочани

Општина Кочани се наоѓа во источниот дел на Република Северна Македонија и со новата територијална поделба на Република Северна Македонија има 28 населени места и се протега на површина од 382 км². Општина Кочани е мултиетничка општина и според последниот попис од 2021 год. демографската состојба е следна:

| Општина | Пол | Вкупно | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Други неспомнати | Не се изјасниле | Непознато | Лица за кои податоците се превземени од административни извори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Кочани** | Вкупно | 31 602 | 26 798 | 15 | 138 | 1 892 | 170 | 37 | 14 | 136 | 2 | 1 | 2 399 |
| | Мажи | 15 625 | 13 156 | 1 | 69 | 974 | 85 | 21 | 10 | 76 | 1 | - | 1 232 |
| | Жени | 15 977 | 13 642 | 14 | 69 | 918 | 85 | 16 | 4 | 60 | 1 | 1 | 1 167 |

Од табелата може да се забележи дека Ромите се најбројна малцинска етничка заедница и се застапени со 5.99% од вкупното население во општината. Ромската етничка заедница во Кочани е сконцентрирана на едно место и над 90% живеат во “Ромското маало“.

Во детската градинка се згрижени 10 ромски деца, додека во основните училишта учат 365 ученици Роми, а во средно образование има 50 ученици Роми. Моментално запишани студенти Роми се двајца.

Во актуелниот Совет на општина Кочани имаме еден советник Ром (маж), додека во локалните и национални институциии има вработено 7 Роми од кои 6 мажи и 1 жена. Има Ромски Информативен Центар, образовен и здравствен медијатор, како и повеќе активни Ромски НВО.

Општина Кочани континуирано работи на подобрување на положбата на Ромите преку реализирање на проекти од патната и комуналната (водовод и канализација) инфраструктура во Ромското маало, како и преку помош во образованието и социјалната заштита. Исто така Советот на Општина Кочани има донесено стратешки документи и акциони планови за Ромите, но истите се со помината важност и има потреба од донесување на нови.

# Важни податоци за Општината:

| **Вкупен број на Роми жители на општината** | **Населби во кои живеат Ромите** | **Вработени Роми по институции** | | **Број на деца Роми вклучени во градинки за последна учебна година 2021/2022** | | **Број на деца Роми запишани во основно училиште во последна учебна година 2021/2022** | | **Број на деца Роми запишани во средни училишта во последна учебна година 2021/2022** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | | Вкупно 7 | | Вкупно 10 | | Вкупно 365 | | Вкупно 50 | |
| **1892** | Славчо Стојменски, Стамен Манов, Дуду Ханим, Колерски Гробишта, Полатски Пат, Митко Беќерски | Машки 6 | Женски 1 | Машки 5 | Женски 5 | Машки 65% | Женски 35% | Машки 65% | Женски 35% |

| | **Вкупен број на членови** | | | **Вкупен број на млади** |
|---|---|---|---|---|
| | | Мажи | Жени | |
| **Членови на Акциска група на заедница**[11] | 10 | 8 | 2 | 4 |
| **Членови на Општинска работна група**[12] | 5 | 4 | 1 | 1 |

[11] Структура на ROMACTED II
[12] Структура на ROMACTED II

# Планирани цели и резултати на локалниот акциски план (ЛАП)

Во Локалниот акциски план за подобрување на состојбата на ромската заедница на локално ниво во општина Кочани се влкучени следниве области:

**Урбанизам, домување и основни услуги;**
**Борба против дискриминација на Ромите;**
**Образование;**
**Култура;**
**Вработување и**
**Здравство.**

Во следниве табели се дадени утврдените приоритетни активности според овие области:

## Урбанизам, домување и основни услуги

| Бр. | Мерка / Активност | Очекувани Резултати | Врска со други стратешки документи | Надлежни институции | Временска рамка (од-до) | Буџет | | Мониторирање/ Евалуација | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Буџетска проценка во МКД | Извор | Индикатор | Извор |
| **1.** | Изработка и усвојување (примена) на детален урбанистички план - ДУП бр.5, каде е опфатена ромската заедница | Обезбедување на основните услови за развој на ромската заедница во делот на домувањето и комуналната инфраструктура | Програма за урбанистичко планирање | Општина Кочани | до Јуни 2023 | Нема фискални импликации | Буџет на Општина Кочани | Извештаи на Општина Кочани | Општина Кочани |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2.** | Изградба на објекти за колективно домување за социјално загрозени семејства (24 објекти за семејствата кои живеат во објектот „стара касарна“) | Обезбедување на мин.услови за домување за 24 семејства од социјално загрозени семејства кои се сместени во објектот стара касарна и други лица кои немаат соодветно домување | Програма за ЛЕР | Општина Кочани | Јануари 2023 – Декември 2023 | 23.750.000 | Влада на Р. Северна Македонија преку Декадата и Стратегијата за Ромите<br><br>Буџет на Општина Кочани | Извештаи на Општина Кочани | Општина Кочани |
| **3.** | Изградба, реконструкција и санација на улици, водоводна и канализациона мрежа во ромската заедница во Општина Кочани | Подобрување н комуналната инфраструктура и условите за живот во ромската заедница<br><br>Подобрување на пристапноста и поврзаноста на ромската заедница со градското подрачје во општина Кочани | Програма за улици и патишта и уредување на градежно земјиште на општина Кочани | Општина Кочани | Јануари 2023 – Декември 2026 | 4.000.000 | Буџет на Општина Кочани<br><br>Влада на Р. Северна Македонија<br><br>Домашни и меѓународни донатори | Извештаи на Општина Кочани | Општина Кочани |
| **4.** | Изградба на препумпна станица Препумпна станица за дел од системот Висока зона на притисок на град | Подобрено водоснабдување во Ромската заедница и повисоките зони | Програма за ЛЕР | Општина Кочани | до Декември 2022 | 3.741.229 | Влада на Р. Северна Македонија преку МТВ | Извештаи на Општина Кочани | Општина Кочани |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кочани - вклучувајќи ја и ромската заедница | во Општина Кочани | | | | | Буџет на Општина Кочани | | |
| **5.** | Изградба и санација на постоечките игралишта (ставање во функција) кои гравитираат во и околу ромската заедница во Кочани | Подобрување на условите за спорт и рекреација во ромската заедница | Програма за животна средина и комунални работи<br>Програма за уредување на градежното земјиште<br>Програма за ЛЕР | Општина Кочани | Јануари 2023 – Декември 2024 | 1.000.000 | Буџет на Општина Кочани<br><br>Влада на Р.Северна Македонија<br><br>Домашни и меѓународни донатори | Извештаи на Општина Кочани<br><br>Извештаи на граѓански организации | Општина Кочани<br><br>Ромски НВО |
| **6.** | Изградба на парк и рекретивни терени на местото викано „Колерски гробишта“ каде е идентификувана „дива депонија“ во ромската заедница | Зголемување на рекреативните терени и паркови наспроти диви депонии во ромската заедница | Програма за животна средина<br><br>Програма за комунална хигиена | Општина Кочани | Јануари 2023 – Декември 2024 | 523.710 | РОМАКТЕД Програма | Извештаи на Општина Кочани | Општина Кочани |
| **7.** | Промовирање на институционален пристап за решавање на проблемите во делот на здрава и чиста животна средина во ромската заедница - Подобрување на | Подобрување на условите за живот во ромската заедница во Кочани<br><br>Подобрување на јавните услуги во | Програма за животна средина<br><br>Програма за комунална хигиена | Општина Кочани | Јули 2022 – Декември 2024 | Нема фискални импликации | Домашни и меѓународни донатори | Извештаи на Општина Кочани | Општина Кочани |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | јавните услуги во делот на јавната чистота (чистење на дивите депонии, навремено празнење на контејнерите и редовно земање на сметот од домаќинствата во ромската заедница | делот на извршување на програмата за јавната чистота во ромската заедница | | | | | | | |
| **8.** | Доделување на помош во износ од 3.000 евра по домаќинство за делумно реновирање (ПВЦ прозори, тоалет, итн.) на домовите на 5 социјално загрозени ромски семејства годишно | Подобрување на услови за домување за 5 семејства од социјално загрозени семејства | Национална Стратегија за Роми 2022-2030 | Општина Кочани | Јануари 2023 – Декември 2026 | 922.500 | Домашни и меѓународни донатори | Доделена помош за делумно реновирање на домаќинство на социјално загрозени ромски семејства | Извештаи на Општина Кочани |
| **9.** | Обезбедување на приклучок до питка и квалитетна вода за најмалку 5 социјално загрозени семејства од ромската заедница со цел да им се овозможат соодветни санитарни и хигиенски услови | Листа на идентификувани семејства<br><br>Приклучени семејствата на водоводна мрежа | Национална Стратегија за Роми 2022-2030 | Општина Кочани и КЈП Водовод | Јануари 2023 – Декември 2026 | 110.250 | Во рамки на постоечка програма и буџет на КЈП Водовод | Број на приклучени социјално загрозени семејства на водоводна мрежа | Решение за приклучок<br><br>Извештај за приклучени семејства на водоводна мрежа |
| **10.** | Обезбедување на приклучок до фекална канализација на | Листа на идентификувани семејства | Национална Стратегија за Роми 2022-2030 | Општина Кочани и КЈП Водовод | Јануари 2023 – Декември 2026 | 110.250 | Во рамки на постоечка програма и буџет на | Број на приклучени социјално загрозени | Решение за приклучок |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | најмалку 5 социјално загрозени семејства од ромската заедница со цел да им се овозможат соодветни санитарни и хигиенски услови | Приклучени семејствата на главна фекална мрежа | | | | | КЈП Водовод | семејства на фекална мрежа | Извештај за приклучени семејства на фекална мрежа |
| **11.** | Обезбедување на приклучок до електрична енергија на најмалку 5 социјално загрозени семејства од ромската заедница со цел да им се овозможат соодветни санитарни и хигиенски услови | Листа на идентификувани семејства<br><br>Приклучени семејствата на електрична енергија | Национална Стратегија за Роми 2022-2030 | Општина Кочани и ЕВН | Јануари 2023 – Декември 2026 | 157.500 | Во рамки на постоечка Програма на Владата и Локалната самоуправа | Број на приклучени социјално загрозени семејства на електрична енергија | Решение за приклучок<br><br>Извештај за приклучени семејства на електрична енергија |

## Борба против дискриминација на Ромите

| Бр. | Мерка / Активност | Очекувани Резултати | Врска со други стратешки документи | Надлежни институции | Временска рамка (од-до) | Буџет | | Мониторирање/Евалуација | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Буџетска проценка во МКД | Извор | Индикатор | Извор |
| 1 | Учество во национална кампања за осуда на праксите за забрана на пристап на Ромите во јавни објекти/локали (базен, ресторан, кафе бар, итн.) | Подобрување на услови за живот и слободно движење на Ромите до сите јавни објекти/локали | Национална Стратегија за Роми 2022-2030 | Општина Кочани | Јануари 2023 – Декември 2026 | Нема фискални импликации | Домашни и меѓународни донатори | Слобода за движење на Ромите во сите јавни објекти/локали | Извештаи од реализирани активности |

## Образование

| Бр. | Мерка / Активност | Очекувани Резултати | Врска со други стратешки документи | Надлежни институции | Временска рамка (од-до) | Буџет | | Мониторирање/Евалуација | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Буџетска проценка во МКД | Извор | Индикатор | Извор |
| **1.** | Правилна и транспаретна имплементација на проектот инклузија на децата Роми во градинките, со цел бројот на опфатени деца во Општина Кочани да достигне до 25 ученици кои посетуваат градинка бесплатно | Зголемен број на деца Роми (од социјално загрозени семејства) во градинка | Програма за социјална и здравствена заштита | Општина Кочани<br><br>ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ Кочани | Јануари 2023 – Декември 2024 | Нема фискални импликации | Постоечка Програма и Буџет на Општината | Број на запишани деца кои посетуваат настава во детската градинка / соодветен % на родова застапеност | Периодични извештаи ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ Кочани |
| **2.** | Формирање на гарантирана квота за прием на деца од ромски семејства во градинките во Општина Кочани (до 5% од вкупниот број на капацитетот на градинките) | Зголемен број на деца Роми (кои ја плаќаат услугата) во градинка | План и програма за опфат на децата во градинката<br><br>Одлука од Совет или Градоначалник | Општина Кочани<br><br>ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ Кочани | Септември 2023 – Јуни 2024 | Нема фискални импликации | Постоечка Програма и Буџет на Општината | Број на запишани деца кои посетуваат настава (со плаќање на надоместок) во детската градинка. Донесена одлука на ниво на општина | Периодични извештаи ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ Кочани |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **3.** | Организирање на активности (работилници, обуки, семинари со наставници и воспитувачи за недискриминациј а и говорна омраза како и материјална поддршка - училишна опрема и прибор за ученици од социјално загрозени семејства) за подобрување на образовната состојба на учениците Роми во Општина Кочани | Зголемување (целосен) опфат на учениците Роми во основното и средното образование, со опфат од над 90% во основното и 80% во средното образование<br><br>Зголемена свесност, одговорност и активно учество на учениците Роми во воспитно-образовниот процес<br><br>Активна соработка и учество на родителите Роми со воспитно-образовниот и стручен персонал во основното и средното образование | Програма за поддршка на образованиет о во Општина Кочани<br><br>Локален акциски план за образование (треба да се ревидира и повторно усвои)<br><br>Годишни програми на основните и средните училишта<br><br>Годишни програми и извештаи на локалните граѓански здруженија кои работат со ученици Роми | Општина Кочани<br><br>Општински основни и средни училишта во Општина Кочани<br><br>Бирото за развој на образование<br><br>Просветен Инспекторат<br><br>Ромски НВО | Септември 2023 – Јуни 2024 | 600.000 денари до Јуни 2024 | Буџет на Општина Кочани<br><br>Домашни и меѓународн и донатори | Извештаи и списоци за бројната состојба на учениците Роми во основните и средните училишта (периодични, полугодишни и завршни)<br><br>Извештаи на Општина Кочани (периодични)<br><br>Извештаи од реализирани активности на ромските граѓански здруженија. Општина Кочани<br><br>Извештаи од просветен инспекторат соодветен % на родова застапеност на учесниците | Општина Кочани<br><br>Основни и средни училишта од Општина Кочани<br><br>Просветен инспекторат<br><br>Локални граѓански организации |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **4** | Комплетирање на четврти степен формално средно образование кај 3 возрасни Роми и нивно вработување во локални фирми | Вклучени возрасни Роми во програма за дообразование<br>Спроведена програма за дообразование<br>Доделени дипломи за комплетирани средно образование<br>Решение / договори за вработување на возрасни Роми | Национална Стратегија за Роми 2022-2030 | Општина Кочани | Јануари 2023 – Јуни 2024 | 122.850 | РОМАКТЕД Програма | 3 возрасни Роми со завршено средно од кои 1 да биде жена образование<br><br>Вработени 3 возрасни Роми од кои 1 да биде жена | Извештај од АВРСМ |
| **5** | Спроведување на туторска настава за 30 ученици Роми со постигнат слаб успех кои се вклучени во 2, 3 и 4 одделение во основно образование, кои покажуваат низок образовен успех | Јавен повик за ангажирање на тутори<br>Листа на идентификувани ученици со слаб успех<br>Развиена туторска програма<br>Број на реализирани туторски часови | Национална Стратегија за Роми 2022-2030 | Општина Кочани и основни училишта | Јануари 2023 – Јуни 2024 | 275.940 | РОМАКТЕД Програма | Број на вклучени деца во туторската настава од кои 50% да бидат девојчиња<br>Ангажирани 5 тутори за спроведување на туторската настава<br>Број на реализирани туторски часови<br>Најмалку 65% од учениците го зголемиле нивниот успех | - Договори за ангажирани тутори<br>- Извештај од основните училишта за реализација на туторската настава<br>- Свидетелства од учениците<br><br>Слики од настани |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **6.** | Мапирање на ромската заедница во делот на образованието со цел да добиеме точни и релевантни податоци за бројната состојба и социо-економскиот статус во сите сегменти (градинка, основно, средно, високо образование, како и децата од 6-15 години кои не посетуваат настава) на воспитно образовниот процес и учеството на Ромите во овие процеси | Добивање на точни, релевантни и сегментирани податоци за бројната и социо-економската состојба на учебниците Роми во Кочани.<br><br>Утврдување на точно место на живеење според лична карта и реално место на живеење.<br><br>Креирање на инструмент – софтверско решение за сегментирање на податоци за подобра реонизација на учениците Роми со цел намалување на концентрацијата на Ромите во едно или две училишта. | Програма за поддршка на образованиет о во Општина Кочани<br><br>Локален акциски план за образование 2019 -2022 (треба да се ревидира и повторно усвои)<br><br>Годишни програми на основните и средните училишта<br><br>Годишни програми и извештаи на локалните граѓански здруженија кои работат со ученици Роми | Општина Кочани<br><br>Општински основни и средни училишта во Општина Кочани<br><br>Ромски НВО | Јануари 2023 – Јуни 2023 | 300.000 | Буџет на Општина Кочани<br><br>Домашни и меѓународн и донатори | Број на точни и сегментирани податоци за учениците Роми по повеќе основи.<br><br>Добиено софтверско решение (дата база) | Општина Кочани<br><br>Ромски НВО |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **7.** | Воведување на Општинска стипендија за талентирани ученици Роми во средното образование | Идентификување на подобри и талентирани ученици Роми во средното образование<br><br>Зголемена мотивираност за постигнување на повисоки резултати кај учениците Роми<br><br>Подобрување на просекот на образовното ниво кај учениците Роми во средното образование | Програма за поддршка на образованиет о во Општина Кочани<br><br>Локален акциски план за образование 2019 -2022 (треба да се ревидира и повторно усвои) | Општина Кочани<br><br>Општински средни училишта во Општина Кочани<br><br>Ромски НВО | Септември 2023 – Септември 2026 | 648.000 за четири учебни години | Буџет на Општина Кочани | Извештаи на Општина Кочани | Општина Кочани |

# Култура

| Бр. | Мерка / Активност | Очекувани Резултати | Врска со други стратешки документи | Надлежни институции | Временска рамка (од-до) | Буџет | | Мониторирање/Евалуација | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Буџетска проценка во МКД | Извор | Индикатор | Извор |
| **1.** | Промовирање и поддршка на културата и културните вредности на Ромите и ромската заедница во Општина Кочани | Зголемено промовирање на културните вредности на ромската заедница во Општина Кочани<br><br>Подобрување на меѓуетничкиот соживот и намалување на културните разлики помеѓу граѓаните | Програма за култура на Општина Кочани | Општина Кочани | Јануари 2023 – Декември 2024 | 150.000 | Буџет на Општина Кочани | Извештаи на Општина Кочани | Општина Кочани |
| **2.** | Зајакнување и поддршка на жената Ромка во општествените процеси – активно вклучување и подигнување на свесноста за учество на жената ромка и како жена и како мајка | Зголемено учество на жената ромка во општествените процси на локално ниво<br><br>Активно учество на | Програма за одделението за јавни дејности<br><br>Програма за еднакви можности | Општина Кочани | Јануари 2023 – Декември 2024 | 150.000 | Буџет на Општина Кочани<br><br>Домашни и меѓународни донатори | Извештаи на Општина Кочани | Општина Кочани |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | жената ромка при креирање на политики за развојот на ромската заедница во Кочани | | | | | | | |
| **3.** | Организирање на работилници, обуки и други младински активности за младите роми во соработка со сите младински организации на локално ниво | Зајакнување на капацитетите на младите Роми за активно учество во општествените процеси на локално ниво | Стратегија за млади на Општина Кочани<br><br>Програма за млади на Општина Кочани<br><br>Програма на локален младински совет | Општина Кочани<br><br>Локален младински совет на општина Кочани | Јануари 2023 – Декември 2024 | 150.000 | Буџет на Општина Кочани<br><br>Домашни и меѓународни донатори | Извештаи на Општина Кочани | Општина Кочани<br><br>Локален младински совет |

# Вработување

| Бр. | Мерка / Активност | Очекувани Резултати | Врска со други стратешки документи | Надлежни институции | Временска рамка (од-до) | Буџет | | Мониторирање/Евалуација | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Буџетска проценка во МКД | Извор | Индикатор | Буџетска програма |
| 1 | Организирање на информативни и консултативни средби со млади и возрасни невработени Роми со локални работодавачи/бизниси агенција за вработување за информирање за можностите за вработување на локално ниво како и потребни квалификации за да можат соодветно да се вработат во постоечките бизниси и стопанство на локално ниво | Организирани информативни и консултативни средби со млади и возрасни Роми со работадавачите<br><br>Изготвена листа на фирми вклучени во процесот<br><br>Развиена дата база на заинтересирани млади и возрасни Роми за нивно вработување | Национална Стратегија за Роми 2022-2030 | Општина Кочани<br><br>Работодавачи и бизнис компании<br><br>Ромски НВОи | Јануари 2023 – Јуни 2024 | 189.000 | Домашни и меѓународни донатори или во рамки на постоечка програма | Број на реализирани средби<br><br>Број на присутни млади и возрасни Роми од кои 50% да бидат жени<br><br>Број на фирми заинтересирани за да го поддржат вработување на Ромите на локално ниво | Листи на присутни<br><br>Записници од средби<br><br>Слики од средби |
| 2 | Вработување на 5 млади и возрасни невработени Роми во приватни компании на локално ниво на најмалку една година | Вработени 5 млади и возрасни Роми | Национална Стратегија за Роми 2022-2030 | Општина Кочани<br><br>Центар за вработување | Јануари 2023 – Јуни 2024 | 1.553.580 | Во рамки на Буџет на приватните компании | Број на вработени лица од кои соодветен % да бидат жени | Договори за вработување лица од ромската заедница на најмалку една година |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **3** | Вклучување на 10 млади и возрасни невработени Роми преку активните мерки за вработување и нивна инклузија на пазарот на трудот | 10 млади и возрасни Роми вклучени во активните мерки за вработување<br><br>подобрени вештините и квалификациите<br><br>вработени млади и возрасни Роми кои успешно ја завршиле програмата | Национална Стратегија за Роми 2022-2030 | Општина Кочани<br><br>Центар за вработување | Јануари 2023 – Декември 2026 | 3.024.000 | Во рамки на одобрен Буџет на АВРСМ за имплементација на Оперативен план за вработување | Број на млади Роми вклучени во активните мерки за вработување од кои 50% да бидат жени<br><br>70% од вклучените ги зголемиле нивните вештини и квалификации<br><br>Вработени 50% од младите и возрасните Роми кои учествувале во програмата | Договори за практиканство за 10 млади Роми<br><br>Решение/договор за вработување за 5 млади Роми во приватни фирми на најмалку 6 месеци |
| **4** | Организирање на тренинзи за 120 млади Роми за јакнење на нивните вештини за активно барање на работа (ЦВ, интервју, мотивациско писмо) и да бидат поконкурентни на пазарот на трудот | -Развиена програма за тренинг<br>-Листа на идентификувани млади Роми<br>-Спроведени тренинзи млади Роми на локално ниво<br>-Најмалку 70% од учесниците ги зголемиле нивните вештини и знаења за активно барање на работа | Национална Стратегија за Роми 2022-2030 | Општина Кочани | Јануари 2023 – Декември 2026 | 151.200 | Домашни и меѓународни донатори | Број на идентификувани млади<br>Број на вклучени млади<br>Број на реализирани тренинзи<br>Број на учесници кои го подобриле нивните вештини и знаење<br>Број на вклучени жени во програмата (минимум 50%) | Листи на присутни<br><br>Записници од средби<br><br>Слики |

## Здравство

| Бр. | Мерка / Активност | Очекувани Резултати | Врска со други стратешки документи | Надлежни институции | Временска рамка (од-до) | Буџет | | Мониторирање/Евалуација | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Буџетска проценка во МКД | Извор | Индикатор | Буџетска програма |
| 1 | Обезбедување на редовни бесплатни прегледи за социјално загрозени Роми, пружање на соодветна здравствена заштита и намалување на последиците врз нивното здравје | Идентификувани социјално загрозени семејства<br><br>Спроведени редовни бесплатни прегледи<br><br>Најмалку 80% од семејствата добиле навремена превентивна заштита и советување | Национална Стратегија за Роми 2022-2030 | Општина Кочани<br><br>Здравствен дом<br><br>Ромски НВО | Јануари 2023 – Декември 2026 | 94.500 | Во рамки на постоечки програми на Министерство за здравство за обезбедување на бесплатни прегледи | Број на посетени семејства<br><br>Број на спроведени бесплатни прегледи<br><br>Број на семејства кои добиле соодветна | Извештаи од здравствениот дом и општината<br><br>Листа на посетени семејства<br><br>Слики од посетите |
| 2 | Организирање на информативни кампањи и средби со ромската заедница за подигнување на свеста за важноста од вакцинирање од вирусот КОВИД 19 како и спроведување на редовни прегледи и одржување на сопственото здравје | Организирани информативни средби со заедницата на локално ниво<br><br>Спроведени теренски посети во ромските населби | Национална Стратегија за Роми 2022-2030 | Општина Кочани<br><br>Здравствен дом<br><br>Ромски НВО | Јануари 2023 – Декември 2026 | 75.600 | Во рамки на постоечка програма на Министерство за здравство | Број на реализирани информативни средби<br><br>Број на присутни на средбите<br><br>Зголемен број на | Записници<br><br>Листи на присутни<br><br>Слики |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | вакцинирани од КОВИД 19<br><br>Број на жени кои учествувале на средбите и добиле соодветна информација | |
| **3** | Изготвување на стратегија и акциски план за општината за раководење со ризици и природни непогоди со цел овозможување на стратешки систем за менацирање на евентуални слични ситуации како КОВИД 19 и ублажување на последиците кон ранливи групи на граѓани како што се Ромите | Организирани консултативни средби на општинско ниво<br><br>Формирана работна група за развивање на стратегијата<br><br>Развиена стратегија и акциски план за раководење со ризици | Стратегија за Роми 2022-2030 | Општина Кочани | Јануари 2023 – Јуни 2024 | 189.000 | РОМАКТЕД Програма | Усвоен План за ризик за ранливи групи на локално ниво во случај на кризи | Усвојување на планот на Совет на општина Кочани |

USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE

Romalitico ROMA POLICY ANALYSIS

ROMACTED Promoting good governance and Roma empowerment at local level

Овој документ е подготвен во рамките на Проект на УСАИД за инклузија на Ромите имплементиран од Институт за истражување и анализа на политики – Ромалитико со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Мислењата изразени во овој документ им припаѓаат на авторите и не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски држави.

Овој документ е изработен согласно Меморандумот за разбирање (МзР) потпишан помеѓу Советот на Европа, Министерството за труд и социјална политика и Општина Кочани во рамките на имплементацијата на програмата ROMACTED Фаза II, заедничка иницијатива на Европската комисија (DG NEAR) и Советот на Европа, спроведувана во Западен Балкан и Турција, 2021-2024 година. Тука споделените гледишта не треба да се смета дека се официјално мислење на Европската унија и Советот на Европа.